

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**15 -21 дек 2025 Билтен бр. 615**

# РАБОТНА СРЕДБА ЗА ПРОЕКТОТ „СКОПЈЕ-ЕВРОПСКА ПРЕСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА“

**(15.12.2025)**

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски и министерот за култура Зоран Љутков, оствариja работна средба на која се разговараше за теми од културата и културното наследство, како и за проектот „Скопје – Европска престолнина на културата“. Имено, со одлука на Европската Унија, градот Скопје, заедно со францускиот град Бурж и Чешке Будејовице од Чешка, се избрани за Европски престолнини на културата за 2028 година.**

**На средбата градоначалникот Лукровски го информираше министерот Љутков за претстојните проекти и културно-забавни настани кои ќе бидат дел од програмските активности на Општина Карпош за наредната година. Општината ќе продолжи да ги поттикнува и поддржува сите културни работници, особено младите, чија креативност и работа ќе ја збогатуваат културата ризница, не само на општината туку и на градот Скопје.**

**Во рамки на денешната средба се разговараше и за можна соработка помеѓу двете институции, бидејќи како што истакна Љутков, проектот е вистинска можност за темелна трансформација на Скопје, преку развој на културната инфраструктура, зајакнување на заедништвото, поддршка на иновации и промовирање на европски вредности. Токму затоа е многу важно во реализација на проектот активно да бидат вклучени сите релевантни чинители од државата.**

**Според министерот Љутков, Карпош има несомнено голем потенцијал за културен развој бидејќи на своја територија има многу значајни локалитети како што се Хавзипашините конаци, Аквадуктот, археолошкиот локалитет Скупи, Св.Пантелејмон во Нерези. Токму од тие причини, на средбата се разговараше и за бројни можности за соработка и заеднички активности во иднина, а акцент се стави на заштита на културното наследство како и на плановите за одржување на културни настани на територија на Општина Карпош.**



# ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „ЈУРИЈ ГАГАРИН“ ВО КОЗЛЕ

**Градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, заедно со министерот за транспорт Александар Николоски беа во увид на почетокот на градежните работи на улицата „Јуриј Гагарин“ во населбата Козле. Како што нагласи првиот човек на Општината, станува збор за реконструкција на улицата во рамки на „Проектот за поврзување на локални патишта во Република Северна Македонија“, кој што се реализира од страна на Единицата за имплементација на проект (ЕИП) при Министерството за транспорт, со финансиска поддршка од Светска банка, а со цел за подобрување на локалната инфранструктура.**

**„Морам да истакнам дека сум задоволен што конечно ќе се реконструира улицата „Јуриј Гагарин“, во должина од околу 325 метри. Реконструкцијата на делот од улицата опфаќа рушење на постоечкиот асфалт од коловозот и тротоарите, а на делот од паркингот се врши орапавување на асфалтот. Предвидени се тротоари од бекатон по должина на улицата, согласно постојната состојба. Целата инвестиција ќе чини околу 7.500.000 денари, а изведувач на градежните работи е ДПТУ „СТЕНТОН ГРАДБА ДОО“. Со очекуваната динамика на изведба на градежните работи, после новогодишните и божиќните празници, карпошани од овој дел на нашата Општина, ќе може да се движат и да сообраќаат по целосно нова и ревитализирана коловозна патека“ – нагласи општинскиот татко Сотир Лукровски.**
**Првиот човек на Министерството за транспорт Александар Николоски, го изрази своето задоволство од реализацијата на проектот, од соработката со градоначалникот Лукровски, и најави дополнителни инвестиции во иднина во Општината.**

**„По изборот на Лукровски за нов градоначалник на Општина Карпош, во соработка со него и општинските служби, го отклучивме овој проект со кој значително ќе се подобри инфраструктурата на овој дел од улица „Јуриј Гагарин“. Исто така, во рамките на овој проект, најавувам и инфраструктурна реконструкција и на улицата „Петар Чаулев“ во населбата Влае , како и на десетина други проекти со кои ќе се подобри квалитетот на живеењето на граѓаните на Општина Карпош“ – нагласи Николоски.**
**И министерот за транспорт, изрази оптимизам дека согласно поволните временски прилики, реконструкцијата и инфраструктурната ревитализација на ул. „Јуриј Гагарин“ ќе оди со брзо темпо, со што жителите од овој дел на Карпош, ќе можат многу скоро да ја користат во реновирана употреба.**





# ЖИТЕЛИТЕ НА ВЛАЕ 2, ЗЛОКУЌАНИ, БАРДОВЦИ ГИ ПОСОЧИЈА СВОИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**Како дел од планираните активности во процесот на формирање на општинскиот Буџет, градоначалникот Сотир Лукровски заедно со Секретарот на Општината, Мирјана Пехчевска Поп Илиева и претседателот на Советот Христо Саракинов, денеска се сретнаа и разговараа со граѓаните од урбаните заедници Влае 2, Злокуќани и Бардовци. На овие средби, жителите од овие урбани заедници ги кажаа сите проблеми и предизвици со кои се соочуваат секојдневно, а кои општината треба да ги стави во рамки на проектните активности и Буџетот за 2026 година. Жителите на Влае 2 побараа најпрво решавање на проблемот со паркирање кај Т.Ц. Порта Влае, санирање и реконструкција на плочникот, хортикултурно уредување во трговскиот центар. Побарана беше и санација на дел од плоштадот Делфина каде што треба да се промени фонтаната за питка вода, да се заменат дотраените клупи и канти за отпад. Исто така потенцирана беше и потребата од санација на тоалетите и ескалаторот на мостот „Влајко“ како и негово редовно чистење и одржување. Како најприоритетно барање, за жителите од Влае 2 е ревизија на ДУП-от во кој според нив, има неколку спорни елементи кои треба да се отстранат.**

**На средбата во Злокуќани, жителите побараа обновување на водоводната мрежа која што е стара повеќе од 50 години, а во меѓувреме побараа и поставување на фекална и атмосферска канализација на дел од улиците. Меѓу другите приоритетни барања го посочија и донесувањето на ДУП кај делот на кој што припаѓаат улиците Скупи 20 и Скупи 22, реализирање на барањата за легализација, како и изградба на фудбалско игралиште за потребите на месното население. Проблемите со одржувањето на хигиената, поставување на корпи за отпадоци и осветлувањето беа исто така наведени како проблеми со кои се соочуват жителите од Злокуќани.**

**Жителите на Бардовци покрај барањата за реконструкција и санација на улиците и тротоарите, како и на ударни дупки по коловозот, имаат потреба од изведба на канализациска мрежа на улиците 2,4. 18 и 1687. Посочен беше и проблемот со осветлување и во таа насока побарано е редовна интервенција за поправка на уличното осветлување како и поставување на нови светилки на неколку локации, особено на фудбалското игралиште на ФК Лепенец. Исто така, бардовчани бараат да се постават легнати полицајци на неколку клучни места, како и да се постави сообраќајно огледало кај месната заедница. Жителите од оваа месна заедница побараа поредовно чистење на улиците и каналите, а имаа сугестија и за зголемено присуство од полициски служби од причина што на одредени улици се вози многу брзо, а постојат и групи на лица кои навечер го оштетуваат плоштадот.**

**Со овие средби со жителите од урбаните заедници, се заврши планираната активност за креирање на граѓански Буџет за 2026 година во кој што општината, во рамки на своите можности и ингеренции, ќе ги имплементира најприоритетните барања на граѓаните.**



## „ОЛИМПИСКИ ДЕН“ ВО КАРПОШ

**Во организација на Олимпискиот Комитет на Северна Македонија, а со поддршка на Општина Карпош, во спортската сала на ООУ „Војдан Чернодрински“ се одржува настанот – „Олимписки ден“. Овој настан е дел од глобалната Олимписка програма и има за цел да го прослави Олимпиското движење, да ги промовира олимписките вредности – извонредност, пријателство и почит, а воедно и да ја инспирира заедницата кон активен и здрав живот. Отворањето на овој значаен спортски и олимписки ден го означија градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски и претседателот на Олимпискиот Комитет на Северна Македонија, Даниел Димевски.**

**Во оваа пригода, градоначалникот Лукровски изјави дека општината ќе продолжи да инвестира и да го поддржува спортот и младите, здравјето и олимписките вредности затоа што спортската култура подразбира активен и здрав живот кој што е од огромно значење за децата од училишна возраст. Претседателот на Олимпискиот Комитет на Северна Македонија, Димевски, изјави дека покрај досегашните спортски активности, предвидуваат воведување на нови проекти за афирмација на олимпискиот спорт во Карпош затоа што олимпизмот е повеќе од спорт, тоа е движење, етика, дружење, почитување. Токму затоа, во своето работење, тие се залагаат за воведување на спортот и во секојдневната едукација на децата од најмалата возраст.**

Реализацијата на денешниот настан предвидува ревијални натпревари во фудбал, одбојка и кошарка кои ќе се одвиваат помеѓу училишните екипи од ООУ „Војдан Чернодрински“, ООУ „Вера Циривири“ и ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“. За одржување на овие спортски натпревари, Олимпискиот Комитет на Северна Македонија ја обезбеди основната спортска опрема како чин за солидарен придонес кон подобрување на условите за спорт и рекреација. Воедно, дел од денешниот настан е и ликовната изложба на учениците од ООУ „Војдан Чернодрински“ кои твореа на тема: „Олимпизам, фер плеј, мир и пријателство“.

Во текот на денот, од страна на Олимпискиот Комитет на Северна Македонија ќе биде спроведена и Олимписка едукација за спортски менаџмент и истата ќе биде наменета за сите спортски работници од општината, наставници, тренери, реализаторите на спорски клубови и на училишни спортски клубови.

Општина Карпош останува да биде силен партнер на олимпиското семејство и во таа насока ќе се залага за воведување на олимпизмот во рамки на образовниот систем во општинските основни училишта.



# ПОСЕТА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА АЛДА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Во официјална посета на Општина Карпош, престојуваше генералниот секретар на АЛДА – Европската асоцијација за локална демократија, Антоанела Валморбида. За време на средбата со градоначалникот Сотир Лукровски, таа му го честиташе изборот за градоначалник и изрази задоволство од досегашната соработка меѓу Општина Карпош и АЛДА.**

**На средбата се разговараше за идните можности за унапредување на соработката помеѓу општината и АЛДА, при што беше потенцирано дека Општина Карпош е активен учесник во проектите на АЛДА и дека во 2026 година ќе учествува како партнер во повеќе меѓународни проекти. Во таа насока беше истакната и заедничката определба за продлабочување на соработката со Европската Унија преку нови иницијативи и програми од заеднички интерес.**

**Секретарот на Општина Карпош, Мирјана Пехчевска Поп Илиева, ја образложи идејата за формирање ресурсен центар за невладини организации, кој би функционирал во рамки на општината и би претставувал поддршка за граѓанскиот сектор. Претставниците на АЛДА ја поздравија иницијативата, изразија целосна поддршка и информираа дека АЛДА ќе се вклучи и ќе помогне во нејзината реализација.**

**На средбата присуствуваа и Катица Јанева, директорка на АЛДА Балкан, како и претставниците на АЛДА Скопје – Емир Чориќ и Ивана Велкова. Од страна на Општина Карпош, на состанокот учествуваа раководителката на Секторот за развој Александра Теова и помошник-раководителот Роберт Јанковски.**

**Градоначалникот Сотир Лукровски ги елабориоаше своите визии за идниот развој на Општина Карпош, нагласувајќи ја важноста на партнерствата со меѓународни организации и желбата за заедничка реализација на проекти со поддршка на Европската Унија и АЛДА. Во тој контекст, од страна на АЛДА беше изразена подготвеност за поддршка и учество во настани и активности поврзани со одбележувањето на Скопје како Европска престолнина на културата за 2026 година, што беше оценето како значајна можност за промоција и развој на градот и општината.**



# РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО КАРПОШ



**Екипите од Општина Карпош задолжени за одржување на јавната чистота, во текот на изминатава недела редовно ги чистеа јавните површини на територија на локалната самоуправа. Притоа, опфатени беа улиците „Јуриј Гагарин“ на потегот од Министерство за економија до Салон 29, улица „Каирска“ кај Млечен, улицата “Франц Прешерн“ во Влае, како и дел од улиците во урбаната заедница „Злокуќани“. Во рамки на чистењето на теренот беше подигнат органски отпад, лисја и гранки, како и останато ѓубре од јавните површини. Хигиеничарите од Карпош детално го чистеа и трговскиот центар „Порта Влае“ при што со чистење беа опфатени плочникот, жардинерите и останатите околни површини. Исто така, денеска повторно се интервенира и на територија на м.з. Бардовци каде што екипите од Општина Карпош, темелно ги расчистуваат јавните површини од оваа населба. Одржувањето на хигиената на јавниот простор во Општина Карпош е дел од редовните обврски на службите кои одговорно и темелно ги завршуваат истите, а паралелно со тоа, редовно интервенираат и на повик од граѓаните за расчистување на одредени локации.**

# ОДРЖАНА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ЗЕЛС

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, присуствуваше на конститутивната седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, највисокото тело на Заедницата на единиците на локалната самоуправа. Во рамки на седницата се избра новиот состав на Управниот и Надзорниот одбор, а за Претседател на ЗЕЛС, едногласно беше реизбран Градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓоргиевски.**

**ЗЕЛС има значајна улога во локалната самоуправа и претставува центар во кој се координираат активностите за подобрување на работењето на единиците на локалната самоуправа и се креираат политики и практики за јакнење на капацитетите на општините.**

**Општина Карпош ќе биде активен учесник во работата на ЗЕЛС и со заедничка соработка и проекти ќе се заложуваме за целосна децентрализација.**

